Република Северна Македонија
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Совет на Општина Аеродром
Бр. 09-1501/3
11-05-2023 год.
СКОПЈЕ
МКД СЕРТИФИКАТ
MKC EN ISO 9001:2015

Врз основа на член 22 став 1 точка 5 и член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02) и член 16 став 1 точка 5, член 24 став 1 точка 25 од Статутот на ОА („Службен гласник на Општина Аеродром" број 20/2012, 21/2014, 23/2014, 04/2019, 01/21), членовите 6, 8, 9, 10 и 11 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на РМ" број 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), Програмата за доделување спонзорства и донации во Општина Аеродром за 2023 година, Програма за поддршка на културата во Општина Аеродром за 2023 година, Советот на Општина Аеродром на 28-та седница, одржана на ден 10.05.2023 година ја донесе следнава

# ОДЛУКА
## за давање на спонзорство на Национална установа Театар Комедија Скопје за реализација на Меѓународен фестивал на комедијата „Гола Месечина"

Член 1

Со оваа Одлука се дава спонзорство за реализација на Меѓународен фестивал на комедијата „Гола Месечина" на локација на Општина Аеродром, организиран од страна на Националната установа Театар Комедија Скопје, кое се состои во давање на финансиски средства во износ од 1.200.000,00 (еден милион и двеста илјади) денари.

Член 2

Средствата за оваа намена ќе се издвојат од Програма К4 – Културни манифестации и творештво, потставка 464990 – Други трансфери, кои ќе се уплатат на жиро-сметка на Националната установа Театар Комедија Скопје.

Член 3

Меѓусебните права и обврски помеѓу Општина Аеродром како Давател и Националната установа Театар Комедија Скопје како Примател на спонзорството ќе се регулираат во Договор за спонзорство, кој ќе се спроведува по добиено позитивно мислење за потврда на јавниот интерес од страна на Министерството за правда на РСМ.

Член 4

За возврат на спонзорската поддршка од страна на организаторот на манифестацијата, Општина Аеродром ќе биде промовирана како спонзор, на начин кој ќе биде детално утврден во Договорот за спонзорство.

Член 5

Исплатата на финансиските средства кои се даваат како спонзорство ќе ја изврши Секторот за финансиски прашања на Општина Аеродром по исполнување на условот од член 3 од оваа Одлука.

Член 6

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Аеродром".

Претседател на Совет
на Општина Аеродром
Дејан Митески